Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2388/1
Скопје, 22 март 2020 година

ДО СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

**Извадок од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година**

Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирусо COVID – 19, на Шестиот состанок, одржан на 21 март 2020 година го разгледа и не го прифати Барањето на Стоматолошка комора на Македонија, под бр. 03-382/2 од 19.03.2020 година година, и заклучи согласно Заклучокот на Владата од Дваесеттата седница, одржана на 16 март 2020 година, под реден број 13, сите неопходни и итни потреби и набавки да ги изврши со финансиски средства од сопствениот буџет за 2020 година.

ГЛАВЕН КООРДИНАТИВЕН
КРИЗЕН ШТАБ

ПРИЛОГ:
- Барање Стоматолошка комора на Македонија, под бр. 03-382/2 од 19.03.2020 година


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Ул. Антон Попов, бр. 1-4/5, Скопје
(02) 3246 851/852

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 19-03-2020
Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: 44-2388 | Прилози: / Shtojca: 1 | Вредност: / Vlerë:

**Бр. 03-382/2**
**19.03.2020, Скопје**

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**-ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР, Д-Р ДРАГИ РАШКОВСКИ-**
**-ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ, ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА, Г-ЃА МИЛА ЦАРОВСКА-**

Почитувани,

Стоматолошката комора на Македонија се обраќа до Вас поради следните причини.

Имено , во моментот поради епидемијата на корона вирус и прогласување на вонредна состојба докторите на стоматологија, нашите членови, се на своите работни места и се едни од најранливите категории, како од аспект при извршување на итните стоматолошки интервенции самите да станат жртви на трансмисија на COVID-19, така и уште повеќе самите вирусот го пренесат експоненцијално на своите пациенти.

Поради тоа Комората бара интервенција од Вас за приоритетно обезбедување на индивидуални заштитни средства како за докторите на стоматологија, така и за денталните асистенти, но и на дезинфециенси за простор, опрема и инструментариум, кои се неопходни за нормално функционирање на ординациите.

Сметаме на вашеto разбирање и бараме од Вас пристап до количества на наведените средства, најмалку за наредниот месец и тоа, за по наша проценка околу 1.500.000 жители за стоматолошките тимови кои решавајќи само итни случаи за кои проценуваме дека би имтребало минимално количество од :

1. **Маски и заштити одела со капи - минимално 2500-3000 комплети**
2. **Заштитни очила или визири - минимално 1000-1500 примероци**
3. **Дезинфециенси за простор, опрема и инструментариум - минимално 1000-1500 литри**

Нашето барање е поткрепено со фактот дека без Ваша помош, никој кој се занимава со стоматолошката дејност денеска, **НЕ МОЖЕ** регуларно да обезбеди заштитна опрема и дезинфициенси на пазарот со што апсолутно ќе се наруши оптималното пружање на нашите услуги и ние ќе мора, и покрај нашата определба да ги следиме одлуките на Владата на Република Северна Македонија , сепак да бидеме принудени да ја прекинеме нашата работа, да ги затвориме и да не работиме во нашите ординации, во интерес на целокупната популација.

Со почит,

**Кризна група на Стоматолошка комора ан Македонија**
**Претседател на Стоматолошка комора на Македонија**
**Д-р Маријан Денковски**

Стоматолошка комора на Македонија • СКОПЈЕ •